УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 71 од Статутот на Градежен факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.441/2019), член 89 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.417/2019), и член 47 и 61 од Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет Скопје (Универзитетски гласник бр.622/2022), Деканатската управа на Градежен факултет Скопје, на 194. седница одржана на 26.12.2022 год., ја донесе следнава:

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-01/104-27
29-12-2022 год.

# ОДЛУКА

## за утврдување на финансиски надоместок за обновување на статусот на студент

**Член 1**

Се смета дека студентот ги прекинал студиите, со што му престанува статусот на студент, согласно со условите наведени во член 47 и член 61 од Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет Скопје (во понатамошниот текст: Одлуката за правила на студирање).

**Член 2**

Статусот на студент, согласно член 61 од Одлуката за правила на студирање, може да биде обновен на барање на студентот. Барањето се поднесува преку Архивата на Факултетот до Одделението за студентски прашања, на пропишан образец. Кон барањето за обновување на статусот на студент, студентот приложува индекс, уверение за положени испити, молба за признавање на испити и доказ за подмирен финансиски надоместок за обновување на статусот на студент.

**Член 3**

Доколку за време на прекинот на студиите се изменила студиската програма, студентот продолжува да студира по студиската програма која се применува во моментот на обновување на статусот на студент. Студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во студиската програма.

**Член 4**

За времетраењето на прекинот на студиите, студентот не плаќа партиципација, односно школарина. Студентот ги продолжува студиите со плаќање школарина доколку прекинот трае 3 и повеќе последователни семестри.

**Член 5**

Трошоците за обновување на статусот, во износ од 50 евра во денарска противвредност на денот на поднесување на барањето, ги поднесува студентот. Трошокот за обновување на статусот на студент, во себе вклучува: разгледување на барањето, еквиваленција на положени предмети и изготвување на решение за продолжување на прекинатите студии.

**Член 6**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето на Деканатската управа.

Доставено до
- Студентска служба на ГФ
- Архива

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Декан,

Проф. д-р Горан Марковски